Граѓанска иницијатива на жени
ГИЖ
Бр 0306/33/2
24.09.2025 год
Свети Николе

Граѓанска иницијатива
на жени Свети Николе

До

Директорот на ЈП ЕКО ИСТОК-СЕВЕРОИСТОК
Г-дин Драган Чунгурски

Предмет: Барање информации во врска Регионалната депонија Мечкуевци

Почитувани,

Врз основа Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и принципите на транспарентно и отчетно управување, доставуваме барање за информации и постапување поврзано со планираната регионалната депонија во село Мечкуевци.

Жителите на општина Свети Николе, околните рурални заедници како и Граѓанска иницијатива на жени и други НВО, се сериозно загрижени за процесот, недостигот на информации и можните еколошки и економски последици од воспоставување на депонијата на предложената локација.

Граѓанска иницијатива на жени ГИЖ Свети Николе во соработка со Институтот РЕСИС, бара одговор на неколку прашања.

1. Дали е завршен процесот за избор на органите на управување на Јавното претпријатие ЕКО ИСТОК - СЕВЕРОИСТОК (Управен одбор и Надзорен одбор)

2. Колку членови моментално брои Управниот одбор, а колку Надзорниот одбор? Дали тие се целосно комплетирани или постојат одредени проблеми во однос на предлог-членови од самите општини или други причини?.

3. Во која фаза се наоѓа проектот за регионалната депонија Мечкуевци?, Со кои конкретни предизвици и проблеми се соочува Јавното претпријатие во процес на имплементација и функционирање.

4. Според Ваша проценка, до кога се очекува да се завршат сите неопходни постапки за да може да започне со работа Јавното претпријатие и регионалната депонија.

5. Дали веќе е избрана изведувачка фирма за изградба на регионалната депонија Мечкуевци? Ако ДА која фирма и во која фаза е постапката?

Со почит,
Ирина Поцкова
Граѓанска иницијатива на жени ГИЖ Свети Николе

Граѓанска иницијатива на жени ГИЖ Свети Николе